***Приближување на Република Македонија до европското економско законодавство: мегник на процесот на европска интеграција како современа рамка за решавање на конфликти***[1]

пишува: Sophie Quintin Adali. LL.M

***Вовед***

Со промена на политичката и економската мапа на Европската унија, што ќе случи по 1 мај 2004 година, прашањето за односите на ЕУ со Западен Балкан и со пошироката периферија на Европа, несомнено дека ќе добие квалитетно нови димензии. Како приоритена цел, Европската унија во 2002 година ја постави стабилизацијата на својата периферија, особено на Западен Балкан[2]. Иако во 2003 година[3] таа ја декларираше својата решеност да ги помогне аспирациите на земјите од Западен Балкан да станат полноправни членки на Европската унија, прашањето за ефективноста на процесот на пристапување[4], и иднината на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) како средство за промовирање на стабилноста, ќе продолжат да бидат предмет на дискусија. Засилувањето на процесот на стабилизација, со цел поефективно справување со проблемите со кои се соочуваат балканските држави, е нешто што е признато од Европската Унија[5], и биде потребно изготвување на нова стратегија, помогната со финансиски механизми[6]. Истовремено со оваа дебата околу начините (финансиски и политички), се одвива уште една дебата на потеоретско ниво, во врска со европските интеграциони процеси или тнр. "Европеизација", како инструмент за решавање на конфликтите во ова ново време. Во таа смисла, случајот со Република Македонија тука е посебно интересен бидејќи таа е прва балканска држава која го започна патот кон

[1] Со цел појаснување на терминологијата, "конфликт" се дефинира како доаѓање до цели од разни групи на мирољубив или насилен начин (а во случаи кога се користи сила имаме и вооружен конфликт)... Под "модерен конфликт" во литературата се подразбира на сите конфликти, политички или насилни, по Втората светска војна.

[2] Европскиот совет во Фиера, во јуни 2000 година, на кој беше потврдено настојувањето за што е можно поцелосно итегрирање на земјите од Западен Балкан во политичките и економските текови на Европа, и на овие држави име беше признат статутот на земји можни кандидатки.

[3] Европски совет во Брисел, во март 2004 година.

[4] Н.Б.: во 1997 година Република Македонија го потпиша Договорот за соработка (кој стапи 1998) и беше првата Балканска држава која ја потпиеша ССАво април 2001. Аплицираше за членство во Март 2004

[5] COM (2003) 285, финално

[6] Повеќе околу ова види во “The road to Thessaloniki: cohesion and the Western Balkans”, Берлин, 12 март 2003 година.

пристапување во ЕУ и каде "Европеизација" се применува како модерна рамка за спречување на конфликти. Таа исто така е прва земја во која целосно е ангажирана заедничката европска безбедносна политика. До денес во специјализираната литература е посветено многу малку внимание на овој интересен пример. Целта на овој документ е да придонесе кон пополнување на оваа празнина.

Нормативна претпоставка е дека европскиот економски интегративен процес навистина може да делува како катализатор за мир. Овој тнр. процес на "интегрирано решавање на конфликти" ќе го илустрираме земајќи го како пример проектот финансиран од ЕУ за Техничка помош за изработка на трговски закони (ДТЛ проект) на Министерството за Економија, како важна конкретна мерка во насока на социо-економски промени. Преовладува мислење дека имплементирањето на вакви проекти од страна на ЕУ претставува значителен трансформативен чекор во насока на решавање на конфликтите и создавање траен мир. На почеток, ќе треба да ги дефинираме двата клучни зборови кои најчество се споменуваат во овој текст, а тоа се "решавање на конфликти" и "ЕУ-зација" - и двата претставуваат конститутивни механизми на поширокиот концепт "Европеизација"[7]. На крај, ќе се осврнеме на приближувањето на македонската правна рамка од областа на економијата, кон правото на Европската унија *(EU acquis),* како пример за индиректен процес на трансформација и промени.

## ***а. Современи конфликти: нивна природа, теоретски елементи, нивно случување и решавање***

Под „решавање на конфликти" се подразбира процес, резултат[8], а исто така се подразбираат и академски студии. Овој поим претставува посебна област, и е релативно нов феномен во општествената наука. Исто како и европската интеграција, и тој прв пат се појавува во периодот по Втората светска војна, како резултат на двете светски војни[9]. Теоријата и праксата за решавање на конфликти

---

[7] Н.Б.:ЕУ-зација, што подразбира формален пат кон членство, и на неа се гледа како на механизам во рамките на поширокиот процес на европеизација.

[8] Н.Б.: Решавање на конфликт, како општо поима, значи дека се согледани причините за конфликтот, и истите се решени. Се однесува како на самиот процес на промени така и на завршувањето на овој процес.

[9] По Втората светска војна беа основани истражувачки центри и изданија за истражување на мирот, од кои подоцна произлезе и посебната истражувачка област наречена решавање на конфликти. Повеќе за овој

се појавија како реакција на класичното решавање на конфликти (дипломатија, механизми на Обединетите нации) и се разви паралелно со воспоставувањето на новиот светски поредок воведен со Повелбата на Обединетите нации од 1945 година. Студената војна и трката во нуклеарно вооружување уште повеќе го поттикна развојот на мировните студии, од чии рамки како посебна целина се одвои решавањето на конфликти. Теоријата доби нов, изменет лик по распадот на Советскиот сојуз и по крајот на биполарните меѓународни односи. Распадот на комунистичкиот блок заврши во период во кој "*еден меѓународен конфликт доминираше на меѓународно ниво*" и го отвори патот за нов светски поредок во кој "*норма станаа внатрешните конфликти, етничките конфликти, сепаратистичките и конфликтите за борба за превласт внатре во државите*"[10]. Распадот на Југославија во почетокот на деведесеттите години и фрагментирањето на оваа Федерација во помали независни држави[11] доведе до ерупција од нови конфликти со "современи" или "модерни" карактеристики, најмногу поради идентитетот и суверенитетот. Уште од Договорот од Вестфалија[12], меѓународните војни беа класифицирани според карактеристиките на Клаузевиц, и тоа претежно се војни кои се водат помеѓу два центри на моќ (држави или идеолошки блокови) со употреба на организирана сила против непријателските сили - овие уште се дефинираат и како "симетрични конфликти". Периодот после Втората светска војна, особено воените конфликти во ерата на Студената војна се "модерни" конфликти т.е. внатрешни борби кои доведуваат до фрагментација, ослабување и распаѓање на државите, стопанствата и општествата. Овие конфликти се карактеризираат како "асиметрични" поради тоа што тогаш имаме ситуација на небалансирана моќ (доминација, неправда, латентен конфликт) каде што војната се случува помеѓу две етнички групи (малцинство против мнозинство).

---

еволутивен процес, види _Contemporary Conflict resolution_ од Hugh Miall, Oliver Ramsbotham, Tom Woodhouse, поглавје 2.

[10] исто, стр 2.

[11] Република Македонија се стекна со независност во 1991 година. Во декември 1993 година, 11 држави членки на ЕУ ја признаа под привремено име бивша југословенска Република Македонија поради грчкиот притисок.

[12] После Триесет години војна, се издигна моќна заедница на држви чија законска структура беше дефинирана од новиот устав. Мирот на Вестфалија (1648, збир на закони) беше за Европските држави тоа што Филаделфија стана за државите на Американските колони во 1789: место на раѓање на новиот устав за мала заедница на држави.

Модерните решавања на конфликти се изградени врз основа на вкрстување на повеќе научни дисциплини (историја, социологија, психологија, меѓународни односи, политички науки, право и економијата) со цел анализа на природата, причините и решенијата на овие конфликти. Решавањето на конлфиктите на Балканот зеде форма на интервенција од трети страни (воени интервенции, мировни сили или ненасилно, преку преговори, убедувања и сл.). Оваа табела дава преглед на динамиката на решавање на конфликтот во Македонија во 2001 година. Овој конфликт беше спречен преку присилна дипломатија од страна на САД и ЕУ, и резултираше во тоа страните во конфликтот да седнат на преговарачка маса. На крајот од вооружениот конфликт, беше потпишан Охридскиот мировен договор на 13 август 2001 година (Рамковен договор). Рамковниот договор даде рамка за решение на конфликтот така што се осврна претежно на решавање на прашањата: употреба на јазиците на малцинствата, враќање на внатрешно раселените лица, застапеност на малцинствата во државниот апарат, пренесување на надлежностите кон локалната самоуправа.

Табела А.




Оваа табела дава поширок осврт на динамиката на конфликтот и главните фази на негово решавање. Она што го разграничува конфликтот во Македонија од другите балкански и светски конфликти, е фактот што тој содржи во себе две конфликтни рамки: класичната меѓународна рамка и рамката на ЕУ. И двете овие рамки имаат за цел да ги истакнат причините поради кои се случува конфликтот. Табелата наведена подолу дава приказ на факторите кои создаваат конфликти, во однос на

оние кои ги решаваат[13] (Н.Б. не сите се применливи за Македонските околности и некои фактори ќе треба да се изменат). Иако секој конлфикт кој прераснува во насилен има посебни специфики, размислувањата за модерни решавања на конфликти се во насока дека општествата ширум целиот свет се соочуваат со многу слични проблеми (структурални промени во светската економија, зголемување на бројот на населението, миграции кон градовите, деградација на животната средина и брзи општествени промени. Нивната способност да се справат со конлфикти ќе зависи од силината на нивните институции, правила или норми, како и добро воспоставената традиција на владеење[14]. Сите овие нешта јасно недостигаа кај балканските општества во пост-комунистичката ера.

Табела Б

| **фактори кои создаваат конфликт** | | **можни начини на превенција** |
|---|---|---|
| на глобално ниво | несоодветни системски структури | промени во меѓународниот поредок |
| на регионално ниво | регионални дијаспори | регионални безбедносни решенија |
| на државно ниво | групирање по етнички основи<br><br>***слаби стопанства***<br>-авторитарно владеење<br>-повреда на човековите права | консоцијална политика/ федрализација/ децентрализација/ автономност<br><br>***Развој***<br>легитимитет, демократизација<br>владеење на правото, мониторинг и заштита на човековите права |
| на општествено нив | -слаби општества<br>-слаби комуникации поларизирани односи | -зајакнување на цивилното општество, на институциите<br>-тркалезни маси, работилници, односи во заедницата, меѓукултурна соработка |
| на елитистичко /индивидуално ниво | политики на исклучување | посилно посредување |

[13] Н.Б.: не сите фактори се применливи во случајот на Македонија, а некои фактори треба да бидат малку изменети, за да одговараат на реалноста. Оваа општа табела е земена од Contemporary Conflict Resolution, цитирана погоре, стр. 108.
[14] Наведено во воведот на Contemporary Conflict Resolution, цитирана погоре.

Како што е нагласено во оваа табела, слабата економија е главниот фактор кој создава конфликти. По смртта на Јосип Броз Тито останаа отворени прашањата на долгови и регионалната економска неразвиеност. Во Република Македонија, како и во другите комунистички општества во Европа, се покажа дека стопанството е вистинска ахилова петица. Иако Титоизмот, со свој единствен и уникатен општествен експеримент несомнено дека е успешен во поглед на односите со луѓето, истиот се претвори во економска катастрофа во регионот. Глобалното искуство после Втората светска војна покажа дека "*богатите држави не се распаѓаат со граѓански војни, и успешните режими не се соборуваат со револуции*"[15]. Југославија, а подоцна и независните држави кои произлегоа од нејзиниот распад, се најдоа во небрано. Од 1991 година па наваму, Република Македонија се соочуваше со значителни општествени проблеми и транзиционо стопанство, кое ќе треба да се интегрира во регионалните, европските и светските економии за да преживее. Слабата економија, во комбинација со неколку години економско ебарго и етничките поделби во регионот претставуваа дополнителна пречка во развојот, сé до избивањето на конфликтот во 2001 година. Во 2004 година, како што земјата се подготвува да избере нов претседател во сега веќе стабилизирана безбедносна ситуација (види бројките погоре кои се однесуваат на динамиките и решавањата на конфликти), кревкото стопанство продолжува да биде суштина на мировниот процес. Уште од крајот на последниот голем конфликт во Европа во 1945 година, економскиот развој имаше централно место во европските структури, исто како и воспоставувањето на траен мир.

### *б. ЕУ-зацијата како катализатор на мирот: историска и теоретска перспектива на улогата на економска интеграција*

Европеизацијата се дефинира како "*културно, правно, институционално и економско влијание на европската интеграција врз домашните структури*".[16] Со други зборови, европеизацијата т.е. ЕУ-зацијата претставува еден процес на трансформација кој, како што кажавме на почетокот, може да делува како

[15] Поглавје 5, стр. 67 од *Yugoslavia's Bloody Collapse: Causes, Course and Consequences,* автор Christopher Bennett.
[16] Дефиницијa земена од "European Institutional Models as Instruments of Conflict Resolution in the Divided States of the European Periphery", Centre for European Policy and Security , Working Document no. 195, July 2003

катализатор на мирот во државите кои се соочуваат со конфликти, на истиот начин како што европската интеграција делуваше како рамка за мирот во Европа по Втората светска војна. Имајќи ја во предвид целта на овој текст, во овој дел ќе се осврнеме на економската интеграција, а делумно и на двата последователни аспекти на европската интеграција наречени власт на повеќе нивоа и поинаков суверенитет. Овие аспекти на европеизацијата се релевантни во економската и политичката сфера.

Иако денес граѓаните на ЕУ мирот го земаат здраво за готово, не смее да се заборави дека историјата на Европа отсекогаш се карактеризирала со поделби, тензии и конфликти, наместо со единство, мир и заедничка цел. Па сепак, поранешните лути непријатели сега споделуваат заедничка цел, споделуваат економски просперитет и живеат во мир веќе 59 години "*а вооружен судир помеѓу некои две земји не постои никаде, дури ни како можност*"[17]. Благодарение на визиите на неколку лидери, Европа по Втората светска војна доживеа значителна трансформација. Еден од најраните застапници и архитекти на европската интеграција, Алтиеро Спинели, кој се бореше против нацизмот и ги постави теоретски основи на федерализмот[18], рече во 1986 година (една година пред смртта): " *во политичката свест на Европејците се случи значителна трансформација, тоа е нешто сосема ново во историски смисол... Со векови на соседните земји се гледаше како на потенцијални непријатели од кои треба постојано да се биде на штрек и подготвен за војна. Сега, по завршувањето на една од најстрашните војни во Европа, на соседните земји се гледа како на пријателски нации со кои се споделува заедничка судбина*".

Прв камен-меѓник во насока на оваа трансформација беше основањето на Европската заедница за јаглен и челик[19] на 18 април 1951 година и последователно потпишувањето на Договорите за Европска економска заедница и ЕУРАТОМ во

---

[17] Дел 1, историска еволуција, стр. 9 od *The Government and Politics of the European Community*, второ издание, Neill Nugent (ed) and Publisher (1991).

[18] Алтиеро Спинели (1907-1986), еден од најраните теоретичари и активисти за европската интеграција. Тој, заедно уште неколкумина затвореници на островот Вентотене, претставуваше инспирација во однос на изготвувањето на она што подоцна ќе биде познато под името “Ventotene Manisfesto”. Се залага за создавање на "европска федерација" која овозможува безбедност и социјална правда за сите Европејци. Во август 1943 година го основа Европското федералистичко движење.

[19] Обединувањето на европските индустрии за јаглен и челик, објавено на 9 мај 1950 година, со говор на Роберт Шуман (уште познато како и Schuman Declaration и воедно денес се слави како Ден на Европа).

1957 година во Рим, со што се генерализираше интеграцијата и на други полиња. Во преамбулата на секој од овие три оригинални договори се рефлектира визијата на основачите, за изградба на "*уште поблиска унија меѓу луѓето во Европа*", преку европска економска интеграција. Овие договори претставуваат значителен пресврт од мир кон економски просперитет како движечки мотив за единство. Во периодот после војната и пост-воената тешкотија, европските и американските лидери[20] свесни дека слабите и разединети економии повторно би можеле да го посеат семето на политички делби и нестабилност, лидерите своето внимание го посветија на материјалната благосостојба на своите граѓани, во светлина на завршувањето на војната и поствоената депресија но истовремено и обнова. Според поствоената теорија за економско интегрирање, создавањето на заеднички пазар за развој во економска унија би претставувало решение за "дезинтеграцијата" на европските и светските стопанства во пост-воениот период. Анализирајќи ги ефектите од економската дезинтеграција визави економската интеграција, политичките економисти како на пример Бела Баласа[21] придонесоа кон поставување на теоретска визија според која подлабоката интеграција резултира во развој на европските економии, или изворно: "*векономската интеграција во Европа служи за да се избегне дискриминацијата предизвикана од ограничувањата во трговијата и плаќањето, како оние предизвикани и од зголеменатa државна интервенција, и се со цел да ги олеснат цикличните флуктуации и да го зголемат растот на националниот доход*". Во почетокот на 80тите години, Европската економска заедница (претходник на Европската унија) навистина се претвори во европски "мировен систем кој функционира", како што вели романскиот теоретичар Давид Митрани[22] во својот функционалистички пристап кон меѓународните односи.

---

[20] Трумановата доктрина и Маршаловиот план претставуваа помагала во обновувањето на Европа.
[21] Bela Balassa (1928-1991) даде огромен придонес кон нашите сфаќања за ефектот од економските интеграции во својата книга The theory of Economic Integration (1961)
[22] David Mitrany (1988-1975) во 1943 година во Лондон објави памфлет наречен "Мировен систем кој функционира" (“A Working Peace System”) во кој се застапува за трансформација на односите помеѓу нациите т.е., како што вели тој, "конкурентните политички единици", кои според него се извор на конфликти. Ги постави теоретските основи за функционалистички пристап на регионалните системи, како што е ЕУ, во кои "функционални агенции" наместо државите ги решаваат сите прашања во една федерална рамка.

Договорите со кои се основа Заедницата воведуваат над-национални органи со надлежности да го надгледуваат создавањето на заеднички пазар, преку четири поважни мерки[23]: либерализација на производствените фактори, прогресивното приближување на клучните економски политики преку хармонизирање на националното законодавство, изградбата на заеднички цурински тарифи и формулирањето на заедничка комерцијална политика. Па така, Договорот за ЕЗ беше ориентиран на признавање на фактот дека економската интеграција е катализатор за прогресивна политичка, социјална, културна, финансиска и монетарна кохезија помеѓу земјите членки. ЕУ Договорот (Договорот за Европска унија од 1992, плус измените со Договорот од Амстердам во 1997 година) ја обележуваат трансформацијата од Европска заедница во еден нов поредок, воведувајќи го концепт за ЕУ државјанство, принципот на второстепена важност и редефинирањето на институционална и организациска структура во процесите на одлучување. Во однос на економската интеграција, беа воведени нови механизми за да се зголеми економската, монетарната и фискалната соработка. Усвојувањето на еврото како единствена валута од мнозинството земји членки во 199 година е дефинитивно најпрепознатливиот симбол на овој процес.

Разгледувањето на економските фактори во овој контекст не смее да биде одвоено од правните или политичките. Навистина, односите во Европа пред 1945 година се карактеризираа со концептот на апсолутна сувереност. Моделот на европска интеграција понуди радикално нов правен и политички модел, поинаков од Вестфалискиот модел на нација-државата. Договорот за ЕУ воведува нов правен поредок (пресуда на Европскиот суд на правдата во случајот *Van Gend en Loos case 26/62, 1963*) и нов институционален поредок кој најдобро може да се карактеризира како над-национален со меѓувладини одлики на функционирање. Од гледна точка на анализите на решавање на конфликти, најважен трансформативен процес во процесот на интеграција беше воведувањето на сосема нов концепт на сувереност. Во пресудата во врска со случајот *Costa v ENEL case 6/64, 1964,* Европскиот суд на правдата потврди дека "*со создавањето на Заедница која е со неограничено*

[23] Н.Б.: првичните активности кои беа во исклучителна надлежност на Европската унија, во огромен дел беа од економска приорда. Политиките на Европската унија се проширија со Договорите CEA (1986), од Мастрихт (1992) и Договорот од Амстердам (1997 година).

*времетраење, со сопствени институции, сопствен лик и сопствен правен капацитет..., земјите членки, иако во ограничен обем, ги ограничија своите суверени права и создадоа правно тело кое важи и за нив и за нивните граѓани*". Воведувањето на оваа единствена рамка, раководена од владеењето на правото, водеше до создавање на систем на владеење на повеќе нивоа (мултиперспективен поредок) т.е. сложена мрежа од слоеви на власт, меѓусебно преплетени на европско, национално и под-државно ниво (регионални и локални нивоа). Иако улогата на земјите членки не може со ова да се минимизира, може да се нагласи дека системот на владеење на ЕУ може да ја обезбеди институционалната рамка за наоѓање конститутивни решенија во општества во кои етничките политики стануваат фактор или поделба. Со други зборови, "*владеењето на повеќе ниво предлага еден институционален модел во кој моќта на државата и суверенитетот не се ексклузивно лоцирани само на ниво на државата*"[24].

Табела В.

*ЕУ-зацијата како рамка за мирот: клучни механизми и процеси*




[24] Цитирано од ЦЕПС, работен документ бр. 195, јули 2003 година: *"European Institutional models as Instruments of Conflict Resolution in the Divided States of the Periphery"*.

***в. Решавање на конфликти преку приближување на законодавството од економската сфера: како може да помогне техничката поддршка***

Видовме дека заедничките економски политики беа клучни во создавањето на единствен пазар, преку воведување нов квалитет во економските односи. Најважна состојка на оваа успешна формулар (види табела В) е имплементирањето на заеднички политики дефинирани како "΄рбет" на европската интеграција. Имплементацијата на секогаш отворената листа на заеднички политики е можна, бидејќи се базира на заедничкото законодавство во рамките на едиснтвениот правен систем, дефиниран како "наднационален, униформен и иницијативен". Па така, судскиот орган на Европската заедница - Европскиот суд на правдата, ги постави некои од темелите, кога во шеесетите години ги зајакна клучните принципи на правото на Европската унија: супремацијата над националното право и директен ефект[25]. Фундаментален дел на трансформациските процеси беше заедничкиот и недвосмислен правен систем кој ги зајакнува правата, и тој им овозможи на земјите членки и на државјаните на ЕУ на мирен начин да ги решаваат конфликтите. Без владеењето на правото и доброто управување, економската и политичката интеграција немаше да биде остварена.

Помагајќи го процесот на приближување на македонското економско законодавство до правото на Европската унија, проектот "Техничка поддршка на Министерството за економија во изготвувањето на трговски закони"[26] е чинител во процесот на ЕУ-зација. При претставувањето на оствареното од страна на проектот, пред амбасадорите на Земјите членки во Скопје во февруари 2004 година, беше нагласена мисијата на техничката помош: "*подобро изготвување на закони значи подобро владеење, подобро владеење значи мир*". Подоброто владеење и владеењето на правото се најважни средства за спречување на конфликтите (види табела Б) и со тоа придонесува кон остварувањето на овие цели, Проектот е чинител во рамките на ЕУ-зацијата, како рамка за решавање на конфликти. "ЕУ-зацијата" се одвива преку трансфер на искуството до Министерството за економија

[25] *Van gend en Loos случај* 26/62, 1963

[26] Проект финансиран од ЕУ и управуван од Европската агенција за реконструкција со вкупен буџет од еден милион евра и времетраење од 12 месеци (април 2003 - мај 2004 година).

и до главните фактори, во насока на нивно усогласување со Спогодбата за стабилизација и асоцијација (проценка на правните опции и импликации, приближување на релевантното законодавство - примарно и секундарно - и преку имплементација на селектираните опции преку соодветни текстови, институционална поставеност, поцедури и техники, изградба на капацитетите, обука, комуницирање и консултирање).

Динамиката на приближување со европското економско право, како рамка за решавање на конфликти, може да се сумира во табелата Г.




### *Заклучок*

Во контекст на балканската нестабилност во деведесетите, процесот на ЕУ-зацијата се имплементира врз основа на нормативна претпоставка дека ЕУ-зацијата ќе делува како катализатор за мир. Во таа насока, политиката на ЕУ кон Македонија може да се гледа како рамка за решавање на конфликти, помогната со финансиски механизми, како контра на растечката регионална нестабилност. Понатаму кон

зголеменото насилство на Косово, НАТО воено интервенираше . Во почетокот на 2001 година започнаа насилства во Република Македонија кога албанските бунтовници ги напаѓаа државните сили. Вооружениот конфликт резултираше во раселување на околу 160.000 лица, во екот на кризата (Август 2001), и предизвика значителни штети. Од 1998 до 2001, рамката на Договорот за соработка немаше доволно време добро да ги употреби нејзините главно индиректни ефекти на институциите во државата, стопанството и општеството. Од Април 2001 два механизми на ЕУ за решавање на конфликти беа применети за решавање на конфликтот во Македонија: директната дипломатска интервенција на ЕУ со назначување на специјален пратеник[27] во рамките на заедничката безбедносна политика на ЕУ и зајакнатиот процес на ЕУ-изација (процес на Стабилизација и Асоцијација) . Во 2004 година, речиси три години по потпишувањето на Охридскиот мировен договор, стабилноста е повторно вратена. Останува уште доста работа околу имплементацијата на Рамковниот договор и околу исполнување на обврските од Договорот за стабилизација и асоцијација[28], но внимателниот оптимизам го замени песимизмот. Имајќи го во предвид поголемото насилство кое се издигнува на Косово, навистина нема место за удобност[29].

Исто како што европската интеграција е мировен систем кој функционира чекор по чекор, ЕУ-изацијата, како рамка за решавање на конфликти ќе бара време. Тоа е процес кој се соочува со потешкотии поради модерните одлики на конфликтот: замаглена одвоеност помеѓу внатрешните и надворешни чинители и фактори, комуналниот идентитет, прашањата за сувереност. Последно на листата, но не и по важност, економското оправување мора да има највисок приоритет за да се избегнат социјални тензии поради економската несигурност. Поради тоа преовладува мислењето дека проектите за техничка поддршка на Европската унија, како што Проектот за изготвување на трговски закони во Министерството за економија, се фундаментални трансформациски механизми, суштински дел на целокупната рамка за решавање на конфликти. Во насока на процесот на

---

[27] Назначување на првиот висок претставник во почетокот на 2001 година, надополнето со испраќање на воените сили на ЕУ во април 2003 година.

[28] За повеќе, види SAP Report March 2004.

[29] Повеќе за имплементацијата на Охридскиот Рамковен Договор, види International Crisis Group, октомври 2003 година, извештај со наслов: *“ Macedonia: No time for Complacency”*.

приближување на македонските економски закони кон оние на ЕУ, ваквите проекти придонесуваат за суштинско поттикнување на процесите на економска интеграција. На крај, тие придонесуваат кон реориентирање на политиките до оној степен до кој политичката и економската динамика на Европската унија стануваат составен дел на организациската логика и на одлучувањето т.е. усвојувањето на националните политики[30].

[30] Дефиниција на ефектот на Европеизација објаснет во литературата. Ladraech 1984, цитирано во Федерстон, К. и Г. Казамиас (иеви), Europeanisation and the Southern Periphery, London: franck Cass, p 14